5228

PRES-SERVIS

NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank

SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
Скопје
21. I. 1968

## МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ГОДИНАВА

# ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ПОДАРЕНИТЕ ДЕЛА

Иако формиран по земјотресот. **Музејот на современата уметност** не само што постојано ја збогатува својата збирка експонати **(таа денеска веќе брои повеќе од 1.600 ликовни дела)**, туку и секојдневно го манифестира своето присуство во нашиот културен живот, било преку колективни изложби, било преку самостојни презентирања како на македонски така и на ликовни уметници од земјата и странство.

**● МЕЃУ ИЗЛОЖБИТЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ УМЕТНИЦИ, ЗНАЧАЈНО МЕСТО ЗАЗЕМА ТВОРЕШТВОТО НА НИКОЛА МАРТИНОВСКИ ВО ТРИ САЛОНИ**

### ИЗЛОЖБИ НА МАКЕДОНСКИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ

Годинава секако централен ликовен настан ќе биде големата изложба на еден од нашите најпознати ликовни уметници **Никола Мартиноски**, кој во организација на Музејот ќе презентира свои дела во три изложбени салони истовремено. Овие изложби на Мартиноски се планирани за ноември.

По завршување на сегашнава изложба на академскиот сликар **Иван Велков**, изложбениот салон на Музејот ќе биде отстапен **за изложбата на македонските карикатуристи**, а веќе во март ќе биде организирана изложба на младиот македонски академски сликар **Душан Перчинков**, кој првпат самостојно ќе ѝ се претстави на скопската ликовна публика. Инаку тој досега покрај неколкуте групни излагања, има само една самостојна изложба и тоа 1966 година во Белград.

Потоа, по подолга пауза во Салонот на Музејот ќе изложува академскиот сликар **Тома Шијаковиќ**, чија што изложба ќе биде во април — мај.

Од македонските скулптори, Музејот ќе ја организира самостојната изложба (втора во Скопје) на **Стефан Маневски**, кој на последното триенале во Белград доби награда за скулптура.

Во септември ќе биде презентирана изложба на академскиот сликар **Ристо Калчески**, а во декември на **Димитар Кондовски**.

### УМЕТНИЦИ ОД СТРАНСТВО

Годинава секако посебен интерес ќе предизвика заедничката изложба на **подарени графики од Источна Германија и од Чехословачка.** Ќе бидат изложени околу 60 графички листови. Тие листови ќе бидат избрани од последните подарени дела: **32 графички листови од 9 источногермански уметници и 61 лист од 27 уметници што ѝ припаѓаат на графичката група „Холар“ од Чехословачка.**

Во мај ќе биде отворена изложба на **подарена скулптура од Полска.** Ќе бидат изложени дела од 25 полски скулптори со 46 дела, всушност, целосна изложба, која неодамна беше прикажана во Варшава.

Секако една од најинтересните изложби во текот на оваа година ќе биде презентирањето на маслата на современиот италијански сликар **Ренато Гутузо**, еден од најзначајните во современата италијанска уметност. Инаку, тој е дарител на Музејот. Неговата изложба ќе биде отворена во јуни, и се очекува тој да прикаже 25 свои масла од среден формат.

Во април ќе биде отворена и една тематска изложба. Под наслов **„Фантастиката и надреализмот во уметноста“** во салонот на Музејот ќе бидат презентирани дела — сопственост на Музејот на современата уметност во Белград. Всушност тоа ќе биде еден вид размена, бидејќи во ноември во просториите на оваа ликовна институција во Белград треба, во организација на Музејот на современата уметност од Скопје, да биде отворена една **голема репрезентативна изложба на македонската современа уметност.**

Во рамките на годинашнава Средба на солидарноста се предвидува да бидат отворени две изложби и тоа **одбрани графики од големата збирка подарени дела и** самостојна изложба на скулптури и цртежи на советскиот скулптор **Ернест Неизвесниј.**



РЕНАТО ГУТУЗО: „ПЕЈСАЖ“, МАСЛО

**Ал. Поповски**